Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 33 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2019) Советот на Општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 17.11.2023 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2024 година

## I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во согласност со Програмата за работа на Советот на Општина Пробиштип за 2024 година и согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019) ја презентираме Годишната програма за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во врска со извршувањето на инспекциските работи од надлежност на Општина Пробиштип за периодот од 01.01.2024 заклучно со 31.12.2024 година.

Во Програмата презентирани се активностите на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип кои ќе бидат преземени со цел исполнување на законската рамка за вршење на инспекциски надзор во сите области од надлежност на Општина Пробиштип, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања.

Програмата за работа на Одделението е дадена според надлежностите на соодветните инспектори и потребните услови за исполнување на истата, во согласност со потребите и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите предвидени се во Буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година во Програмата ЕО.

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор.

Инспекторите вршат надзор во согласност со законските прописи со кои се регулирани прашањата од сферата на: градежништвото и урбанизмот, комуналните дејности, општинскиот превоз на патници, општинските патишта и улици, заштитата на животната средина и наплатата на даноците и таксите.

## II. ОПШТИ ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Според член 79 од Законот за инспекциски надзор, при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот ги има следните права:

(1) Инспекторот има право да врши инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор, во секое време и на лице место, во деловните простории, инсталациите и други објекти што не се користат како живеалиште, како и над средствата и опремата за вршење на дејноста и/или

активноста за која со соодветен акт, издаден од соодветен орган на државната управа, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат.

(2) Инспекторот при вршењето инспекциски надзор, има право:

1) **на пристап онаму каде што смета дека е неопходно и во секое време,** во простори и деловни простории, локации и транспортни средства и право непречено да ја разгледува целокупната потребна документација на субјектот на инспекцискиот надзор;

2) на пристап во технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или активностите на субјектот на инспекцискиот надзор;

3) да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочна или кривична постапка;

**4) да изврши увид во документ за идентификација на лицата овластени од субјектот на инспекциски надзор, други вработени или работно ангажирани лица во субјектот на инспекциски надзор, како и физички лица кои се затекнати на местото на инспекцискиот надзор;**

5) **да го фотографира и снима просторот** во кој се врши инспекцискиот надзор, како и предмети кои се предмет на инспекциски надзор;

6) да му изрече на субјектот на инспекциски надзор **опомена** или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, согласно со овој или друг закон;

7) да го надгледува спроведувањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците, во рокот што го определил;

8) **да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка** против субјектот на инспекциски надзор до надлежен орган, кој пак е должен за својата одлука да го извести инспекторот.

(3) **Инспекторот има право и обврска да го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.**

(4) Во случај кога при вршењето на инспекциски надзор, инспекторот ќе утврди прекршување на закон или друг пропис или акт кој е во надлежност на друга инспекциска служба, самиот ја утврдува фактичката состојба и изготвува извештај за неговите наоди кој го доставува до надлежната инспекциска служба.

За реализација на Програмата ќе биде изготвен Годишен извештај.

## III. АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

При одредување на приоритети за инспекциски надзор за секој инспектор се прави анализа на ризик т.е. секој инспекциски надзор се заснова на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низо, среден и висок. Доколку при реализацијата на Програмата за работа на Одделението за инспекциски работи се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, истите ќе се земат во предвид при подготвувањето на извештаите за работа на инспекторите. При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животната средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор .

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторување по претходно утврдена состојба.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

Одделението за инспекциски работи според Систематизацијата на работни места во Општина Пробиштип е организирано на тој начин што со него раководи Раководител на Одделението- Главен инспектор со лиценца Б2 за овластен градежен инспектор а се вработени и 3 (три) инспектори од различни области и 2 комунални редари

Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во својата работа ги покрива следните области во поглед на вршење инспекциски надзор:

1. **ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА**
2. **КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА СО КОМУНАЛЕН РЕДАР**
3. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
4. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА**
5. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ**
6. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

1. ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на Овластениот градежен инспектор во текот на 2024 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните закони:

- Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)
- Законот за инспекциски надзор(„Службен весник на Република Македонија "бр. 102/19)
- Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

**Вид и обем на работите:** Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над **градби од втора категорија,** како што се: градби наменети за основно и средно образование, градби од областа на културата, градби за потребите на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, индустриски и зелени зони основани од општините, општините во градот Скопје и градбите во овие зони, градби наменети за примарна и секундарна заштита, градби за потребите на верските заедници, индустриски градби, стопански градби, деловни

градби, станбено-деловни градби, градби за индивидуално домување, градби за индивидуално домување предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес, викенд куќи, градби за колективно домување, градби за потребите на агроберзи, трговски центри, хотели, рекреативни центри, градби за научно-истражувачката дејност, катни гаражи, пазари, општински патишта, придружно услужни објекти на општински патишта и улици утврдени со закон, електронски комуникациски мрежи и средства, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1 МВ, фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, ветерници, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори биогориво, биомаса, ветерна, сончева, геотермална енергија и хидроенергија со капацитет до 1 MW, далноводи со напонско ниво до 35 КВ, трафостаници со напонско ниво до 35 КВ, складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1.000 тони, секундарна гасоводна мрежа, секундарна топловодна мрежа, трамвајски пруги, градби за противпожарна заштита, градби за ветеринарна заштита, детски градинки, градби во подрачје на национални паркови и парк шуми, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази, локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри), депонии за инертен отпад (градежен шут) и депонии за неопасен отпад, рудници и градби за потребите на рудници, автокампови и градби за потребите на автокампови, објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад, меѓуградски автобуски станици, зоолошки градини, стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи, системи за наводнување и одводнување, базени на ниво на теренот за јавна употреба, јавни паркови, јавни паркиралишта и ски-лифтови. (Член 3, 149/14)

Овластениот градежен инспектор во рамките на своите надлежности има право и обврска да врши инспекциски надзор:

**-во текот на изградбата на објектите и тоа:**

- ✓ по известување за почеток на градба од странка кое што странката е должна да го достави до Овластениот градежен инспектор и/или
- ✓ по службена должност

**- при изградба на објект кога во него се врши** пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно

**-над управната постапка за издавање на одобренија за градење** од страна на Општина Пробиштип

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор

**Активности на овластен градежен инспектор:**

- Контрола врз градбата на градежните објекти од втора категорија на градби, на самото место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради согласно добиено одобрение од надлежен орган.а врз основа на што се донесува

одлука за потребата за водење на управна постапка или не. Истото се прави со записник од извршен инспекциски надзор
- Контрола на градбите за кои што е донесено решение за изведба на објекти за кои не е потребно одобрение за градење.
- Канцелариско работење на предмети за кои е започната управна постапка поради утврдени неправилности во градбата на објектот
- Прием на лица и странки кои имаат потреба за запознавање на Законот за градење и начинот како да ги задоволат барањата на законите кои ја регулираат градбата на еден објект односно нивно едуцирање
- Прием на документација во вид на пријава, барање за инспекциски надзор
- Одговарање на дописи и претставки, препраќање документација до други органи, преписка со други органи, изготвување информации, препраќање на жалби како и одговори до физички и правни лица кои бараат информации за текот на одредена управна постапка
- Контрола на постапките за издавање на одобренија за градење од страна на Одделението за урбанизам односно Градоначалникот на Општина Пробиштип
- Доставување на актите донесени од страна на Овластен градежен инспектор до Градоначалникот на Општина Пробиштип за нивно административно спроведување

Во спроведување на инспекцискиот надзор, овластениот градежен инспектор има право и должност да провери дали учесниците во градењето имаат овластувања и лиценци, како и да нареди отстранување на неправилностите, отстранување на оштетувањата, прекинување на изградбата, отстранување на изградбата, затворање на градилиштето, означување на градбата за опасна, како и да преземе други работи со цел да се спречи изградбата, ако градбата се изведува спротивно на Законот за градење.

За вршењето на инспекцискиот надзор Овластениот градежен инспектор **води дневник** и доставува годишен извештај за претходната година до Советот на Општината.

**Финансиски средства:** За спроведување на оваа Програма, потребни се финансиски средства за извршување на донесените извршни инспекциски акти односно за отстранување на бесправно изградени објекти како и за изработка на геодетски елаборати при утврдување на евентуални узурпации кон јавни површини. За извршените контроли се изготвуваат квартални извештаи и се објавуваат на веб-страницата на општината.

**Начин на извршување на работите:** Годишната програма ќе и овозможи на Општина Пробиштип систематизирано спроведување на Законот за градење како и на Законот за инспекциски надзор. Подеднакво важно е да се информираат и да се едуцираат граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат од тоа на долг рок.

**Временски рокови за извршување на работите:** Периодот за реализација на оваа Програма е јануари-декември 2024 година.

Инспекциски надзор над градби од втора категорија врши еден овластен градежен инспектор на цела територија на Општина Пробиштип.

## 2. КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР И КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

### 2.1 КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на комуналниот инспектор во текот на 2024 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр.102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија " бр. 124/15)
- Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија " бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и 302/20)
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08, 156/10, 53/11, 38/12, 55/13, 163/13, 152/15 и 31/16 )
- Закон за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" бр.11/18, 42/20)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип"бр.46/12)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши комуналниот инспектор и тоа:

- Проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од страна на јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота
- Проверува дали се чисти снегот
- Проверува дали се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и на индивидуалните објекти за домување
- Проверува дали се обезбедени садови за фрлање на отпад во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли
- Организира отстранување на хаварисани возила од јавни површини
- Проверува дали при одржување на јавни манифестации е отстранет отпадот
- Контрола на одржувањето на речните корита
- Врши контрола над третманот на бездомни животни кои што се заловуваат од избрам овластен постапувач и на чувањето на домажни животни и миленичиња
- Врши инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината
- Врши инспекциски надзор над одржувањето на водоснабдителните и канализационите системи во општината
- Врши инспекциски надзор над работењето на операторот за погребални услуги
- Ја контролира состојбата на зеленилото и на подигање и одржување на зелени површини
- Врши контрола на одржувањето на градскиот пазар од страна на давателот на услугата
- Врши контрола на неконтролирано оставање на отпад и на расчистувањето на дивите депонии

- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на комуналниот инспектор, надзор врши еден комунален инспектор со лиценца.

За извршените инспекциски надзори, комуналниот инспектор изготвува месечни и квартални извештаи кои ќе се доставуваат до раководителот на Одделението и ги објавува на веб-страницата на Општина Пробиштип.

### 2.2 КОМУНАЛЕН РЕДАР (2 извршители)

Работните активности на општинските комунални редари во текот на 2024година ќе се засноваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16 )
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија " бр.124/15)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип"бр.46/12)

Од горенаведените закони и подзаконски акти произлегуваат работите кои ќе ги вршат комуналните редари во текот на 2024 година.

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат двајца комунални редари на целата територија на Општина Пробиштип.

За извршените контроли, комуналниот редар во координација со комуналниот инспектор изготвува месечни извештаи кои се доставуваат до раководителот на Одделението и годишен извештај, вклучен во извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи.

**Образложение:**

Со Програмата за работа на комунален редар се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните на Општина Пробиштип.

## 3. ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (1 извршител)

Согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14 , 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 28/18), заштитата на медиумите во животната средина (почва, вода и воздух) се постигнува преку преземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со овој или посебните закони.

Работните активности на Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2024 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија " бр. 102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија " бр. 124/15)
- Законот за заштита од бучавата во животната средина („Службен весник на Република Македонија " бр.79/07, 124/10, 47/11 и 146/15)

- Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија “ бр. 216/2021)
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република С.Македонија “ бр. 216/2021)
- Закон за амбиентен воздух („Службен весник на Република Македонија “ бр.100/12, 163/13, 10/15 и 146/15)
- Закон за пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија “ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 123/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
- Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16)
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.06/12 , 163/13, 146/15 и 39/16)
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
- Одлуки, уредби и правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа

Покрај тековните активности, Овластениот инспектор за животна средина ќе соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање, со државните инспектори за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со правни субјекти поточно овластени претпријатија за вршење на мерења кои се потребни за спроведување на законската регулатива.

**Предмет на контрола :**

- Редовна инспекциска контрола на инсталации кои подлежат на Б-интегрирана еколошка дозвола
- Надзор кај правни и физички лица кои подлежат на изработка на елаборат за заштита на животната средина
- Изработка на план за инспекциски надзор по Закон за животна средина кој го доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Изработка на годишен извештај за извршен инспекциски надзор (МЖСПП)
- Изработка на месечен извештај за инспекциски надзор (Раководител)
- Изработка на квартален извештај за инспекциски надзор (Раководител)
- Изработка на шестомесечен извештај за инспекциски надзор за статистика
- Постапување по барања поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива
- Водење на управни постапки
- Прием на странки

**Образложение:**

Инспекцијата за животна средина ја спроведува оваа Програма на целата територија на Општина Пробиштип со еден овластен инспектор за животна средина со лиценца.

Со Програмата за работа на овластениот инспектор за животна средина се предвидува преземање мерки за спроведување на законите од областа на животната средина, за

обезбедување на поквалитетна и здрава животна средина на целата територија на Општина Пробиштип.

За спроведување на Програмата во надлежност на заштита на животната средина надзор врши еден овластен инспектор за животна средина со лиценца.

4. ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА (1 извршител)

Работните активности на Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2024 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, и 112/14, 166/14, 44/15, 97/15 и 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 , 163/18 и 275/19)
- Закон за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2024 година и тоа:

- Врши инспекциски надзор над авто такси превозот на патници, линискиот превоз на патници и посебниот линиски превоз на патници на територијата на Општина Пробиштип
- Врши инспекциски надзор над одржувањето и заштитата на јавните патишта
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и законите во надлежност на Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта надзор врши еден Овластен инспектор за патен сообраќај и патишта.

5.ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ (1 извршител)

Работните активности на Овластениот инспектор за даноци и такси во текот на 2024 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за даноците од имот (Службен веник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 183/11, 54/12, 84/12, 17/13, 188/13 и 154/15)
- Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15)
- Закон за таксата за привремен престој („Службен весник на РМ" бр.19/96 и 154/15)

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуваат работите кои ги врши Овластениот инспектор за даноци и такси и тоа:

**За данокот на имот:**

- Ги пријавува новите обврзници и за истите се врши проценка на имотот со кој се задолжува новиот даночен обврзник
- Од настанатите промени во доградба, надградба и реконструкција се пријавуват нови репроценки односно се зголемува облогот на даночниот обврзник
- Врши контрола на изготвениот облог и наплатата на истиот
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварените приходи по основ на даноци од имот

**За комуналната такса за истакната фирма**

- Преку веб-страната на Централниот регистар ги следи сите промени со отворање и затворање на фирми и со работа на терен согласно Законот за комунални такси врши пријавување на нови обврзници за фирмарина
- Се врши контрола на терен за новоотворените фирми и подружници
- Ја следи наплатата на фирмарината во текот на годината
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварени приходи по основ на фирмарина

**За таксата за привремен престој**

- Се врши контрола на сместувачките капацитети преку книгата за гости колку ноќевања се остварени во претходниот месец и согласно Законот за таксата за привремен престој истите се должни до 15[ти] во месецот за претходниот месец да ги уплатат средствата од кое 80% се приход на Општината а 20% се приход на Република Македонија
- Ја следи наплатата секој месец преку изводите од трезор
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварени приходи по основ на таксата за привремен престој.

**За комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност**

- По Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15), според член 3 став 1 точка 3 се плаќаат комунални такси за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, а според член 7 обврската за плаќање на комуналната такса настанува во моментот на користење на правото, предметот или услугата за кое е пропишано плаќање такса. Правниот субјект пред почнување на користење на правото должен е да поднесе барање до општината за да може да добие одобрение за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност
- Се следи наплатата секој ден преку изводите добиени од трезор
- Се врши контрола на правните субјекти на територијата на Општина Пробиштип и на лице место се утврдува фактичката состојба со изготвување на записник и задолжување на правниот субјект доколку користи а нема одобрение за користење на просторот пред деловниот објект за вршење на дејност
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварените приходи по основ на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност

За спроведување на оваа Програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа:

- средства за извршување на актите на овластен градежен инспектор кои што се предвидени во Програмата ЕО **во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- средства за отстранување и расчистување на диви депонии и подигање на хаварисани возила **во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- Добра соработка со други институции кои што се исто така влкучени во делови од надлежностите на општинските инспектори
- Присуство на полиција (асистенција) во одредени случаи, кои се јавуваат на терен (отстранување на објекти, контрола на авто такси и другите видови превоз и др.)
- Ангажирање на други стручни институции од областа на градежништвото, јавната чистота, комуналната дејност и заштита на животната средина (изведувачи, извршители и слично)
- Опрема и службена облека за инспекторите и комуналните редари

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 26-1097/11
17.11.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов